# БАЗЕЛ - СТРАЗБУР - КОЛМАР - ЦИРИХ

Авион 4 дена /3 ноќевања

**28.11 Четврток СКОПЈЕ – БАЗЕЛ**

Состанок на групата на аеродромот во Скопје во 04:40 часот. Полетување за Базел во 06:40 часот и пристигнување во 09:05 часот. Трансфер до Базел, каде што следува разглед на градот: Катедралата на Мунстерплатц, градското собрание, стариот град, фонтаната Тангели - Брунен, кејот на реката Рајна, портата Спалентор... Сместување во хотелот. Вечерна прошетка. Во срцето на градот, Божиќните базари го исполнуваат воздухот со неодоливиот мирис на варено вино и божиќни колачиња. Враќање во хотел. **Ноќевање**.

**29.11 Петок БАЗЕЛ – СТРАЗБУР - БАЗЕЛ**

Појадок. Целодневен **факултативен излет во Стразбур:** Пристигнување во центарот, од каде почнува разглед на градот: седиштата на Европскиот совет, Европскиот Парламент, Меѓународниот суд за човекови права и други важни европски и светски институции. Разглед на историскиот дел на градот: Катедралата Нотр Дам во готски стил висока 142 метри, Старата царина, Палатата Рохан, куќата Камерзел, Плоштадот Гутенберг. Стариот дел на градот познат и како мала Франција е најсликовитиот дел на Стразбур кој изобилува со шарени градби од дрво градени помеѓу 16-ти и 17-ти век, покриени мостови и одбранбени кули од 13-ти век. Слободно време за прошетка низ Божиќниот базар во Стразбур или „Christkindelsmärik“, кој ја има честа да биде еден од најстарите божиќни базари во Европа, чие потекло датира од 1570 година. Совршено го отелотворува Божиќниот дух во регионот на Алзас, Франција. Слободно време за индивидуални активности. Враќање во Базел. Ноќевање.

**30.11 Сабота БАЗЕЛ – ФРАЈБУРГ – КОЛМАР - БАЗЕЛ**

Појадок. Целодневен **факултативен излет:** посета на Фрајбург, градчето кое го носи епитетот бисерот на Шварцвалд. Иако за време на Втората светска војна бил сосема уништен, полека и прецизно е реставриран до последниот детаљ, па денес важи за еден од најубавите средновековни градови во Европа. Прошетка по Главниот плоштад со Катедралата Мунстер и камбанаријата висока 116 метри, Трговската зграда од 16-ти век со темноцрвена фасада, Градското собрание од 16-ти век, Плоштадот на Аугистините со манастирот каде има скали налик на познатите Шпански скали во Рим. Божиќниот базар во Фрајбург е една од најубавите зимски туристички дестинации на градот. Отворен за прв пат во 1973 година, сега се состои од преку 120 штандови, кои на посетителите секоја година им нудат убави и вкусни работи.

Патувањето продолжува кон Колмар, сместено во подножјето на планината Вогези на реката Лаух, која со канал е поврзана со Рајна. Поради многубројните мостови, канали и преубави плоштади се нарекува мала Венеција. Стариот и зачуван средновековен центар на градот од 9-ти век е главна туристичка атракција која привлекува огромен број на туристи. Во старите дрвени градби се наоѓаат цркви, продавници, сувенирници, кафулиња, ресторани... Религиските и културни знаменитости во Колмар се протегаат низ многувековната Германско-Француска историја. Слободно време во историскиот дел на градот: црквата Свети Мартин, Доминиканска црква, куќата Пфистер, квартот Танеурс, музејот Бартолди, музејот Унтерлинден, како и шесте божиќни базари во Колмар кои зрачат со топлина и привлечна атмосфера, секој со своја посебна тема, маркетите ќе ве обвијат во магијата на Божиќниот дух која гарантирано ќе ги воодушеви и младите и старите. Враќање во Базел. Ноќевање.

**01.12 Недела БАЗЕЛ - ЦИРИХ - БАЗЕЛ - СКОПЈЕ**

Појадок**. Факултативен разглед на Цирих**, најголем град по број на население и по површина, најголем банкарски центар, најпознатиот универзитет, најголемиот аеродром и железничка станица... Културно историските споменици се сконцентрирани во историското јадро на градот, околу реката и езерскиот брег, меѓу кои се и Швајцарскиот национален музеј, Националниот театар, Уметничкиот музеј и прошетка по Bahnhofstrasse, една од најпознатите трговски улици во светот... Цирих е веќе еден од најубавите градови во Европа - па замислете што се случува кога ќе додадете блескави светла, огромно дрво направено од Сваровски кристали и слатки дрвени тезги низ центарот на градот. Факултативна посета на Линдт – најголемата швајцарска компанија за производство на чоколади и слатки, основана во 1845 година и позната по своите чоколадни тартуфи и чоколадни плочки. Се наоѓа во Килхберг, каде што е нејзината главна фабрика и музеј. Трансфер до аеродромот во Базел. Полетување за Скопје во 21:05 часот и слетување во 23:15 часот.

**ПРОМО ЦЕНА ЗА РЕЗЕРВАЦИИ ДО 26.10: 539 € / 33.420 мкд**

**15% ПОПУСТ ЗА ДЕТЕ ДО 12 год: 459 / 28.460 мкд**

# ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 599 € / 37.140 мкд

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО**:
- Авионски билет на релација Скопје –Базел – Скопје
- Аеродромски такси
- Рачен багаж (1 торба/куфер со димензии 40x30x20cm до 10kg)
- Сите трансфери по програмата со автобус
- Сместување во Хотел **Du Commerce 3*** во Базел, на база 3 ноќевања со појадок
- Организиран разглед на Базел
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето

**ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО**:
- Доплата за багаж: куфер за чекирање до 10кг / 20кг (цената е променлива, инфо во агенција 5 дена пред поаѓање)
- Туристичка такса 930 мкд (се плаќа во агенција)
- **Крстарење по каналите на Стразбур 20 €** (се плаќа на лице место)
- **Влезница во фабриката Линдт** (се плаќа на лице место)
  **20 € за возрасни**
  **15 € за деца 8 год - 15 год**
  **Гратис за деца до 7 год**
- Факултативен излет до **Фрајбург и Колмар 65 € / 4.030 мкд**
- Факултативен излет до **Стразбур 65 € / 4.030 мкд**
- Факултативен излет до **Цирих 65 € / 4.030 мкд**
- **Пакет со сите 3 факултативи (Фрајбург,Колмар, Стразбур, Цирих): 175 € / 10.850 мкд**
- Доплата за еднокреветна соба 4.900 мкд
- Влезници за локалитети и културно-историски споменици, јавен превоз...
- Патничко осигурување
- **За факултативните излети задолжително е пријавување во агенција**

**НАПОМЕНИ:**
Цените се по лице за сместување во двокреветни или трокреветни соби.
За реализација на аранжманот потребен е минимум од 20 патници. За резервација задолжителна уплата на аванс од 30% од вкупниот износ на аранжманот. Целосна доплата на аражманот е 10 дена пред поаѓање. Усни и телефонски резервации се невалидни. Плаќањето е исклучиво во денарска против вредност по курс 1 евро = 62,00 денари.
За реализација на факултативните излети потребен е минимум од 15 патници. При резервација задолжително е изјаснување/пријавување кои од понудените факултативи ќе ги користи патникот како би можела агенцијата навремено да ги организира истите.
Агенцијата го задржува правото на промена на редоследот на програмата во случај на непредвидени објективни причини, како на пример застој на граница, доцнење на летот, застој во сообраќајот, затвореност на некој од локалитети предвидени за посета ...
**Организаторот на патувањето го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните места по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени. Лицата кои го уплатиле аранжманот по редовен ценовник, немаат право на надомест на средства за разлика во цена.**
Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата за ова патување.
Патникот има обврска пред поаѓање 24 часа да ја контактира агенцијата за потврда на точното време и место на поаѓање.
Патната исправа треба да е валидна минимум 3 месеци по завршувањето на аранжманот. Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се истите да ги приложат во агенцијата за проверка.
За овој аранжман важат општите услови за патување на ТА ТЕРРА ТРАВЕЛ СКАЈ